З А П И С Н И К
од Сто и четириесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 10 февруари 2026 година

Скопје, февруари 2026 година

З А П И С Н И К
од Сто и четириесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 10 февруари 2026 година

Седницата започна во 12:15 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем.

На седницата присуствуваа д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи со заедниците и членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и м-р Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа, м-р Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Бурим Љатифи, генерален директор на АД МЕПСО, Димитар Димовски, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Венера Љатифи-Азизи, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Муамед Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 148-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 февруари 2026 година

1. Полугодишен законодавен преглед на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2026 година – 30 јуни 2026 година

2. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за отстапување на привремено одземен предмет на Собранието на Република Северна Македонија

3. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП бр.03-1238/1)

4. Бизнис-план на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје за 2026 година, со Предлог – одлука

5. Извештај за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, за период од 23 декември 2025 година до 29 декември 2025 година

6. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за спорт

7. Кадровски прашања

8. Прашања и предлози

9. Информација во врска со Dispute Adjudication Board (DAB), помеѓу АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје и ENERGOINVEST d.d. Sarajevo BiH и потенцијална арбитражна постапка

10. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за потпишување правна исправа за ангажирање на меѓународна адвокатска куќа за изготвување на правно мислење за постоење на факти и околности за поведување на арбитражна постапка во врска со склучени договори за доделување на државна помош со прилог Писмо за ангажирање

11. Информација за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија со заем на меѓународниот пазар на капитал во износ до 300.000.000 евра

12. Предлог–одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“, Охрид

13. Предлог-одлука за давање под закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба (од страна на Министерството за здравство на Град Скопје - ЈП Градски паркинг-Скопје, за организирање на паркирањето во Комплекс клиники „Мајка Тереза“-Скопје)

14. Информација во врска со злоупотреба на лиценци за производство на канабис за медицински цели

15. Предлог на закон за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија

16. Предлог–одлука за давање под закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба (од страна на Министерството за здравство на Град Скопје - ЈП Градски паркинг Скопје, за организирање на паркирањето во Комплекс клиники „Мајка Тереза“ Скопје-објекти на КП бр.429, КО Центар 2)

*

*     *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 февруари 2026 година.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Полугодишниот законодавен преглед на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2026 година – 30 јуни 2026 година, утврден согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година и заклучи:

1. На предлог на Министерството за финансии, Полугодишниот законодавен преглед на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2026 година – 30 јуни 2026 година, да се измени и тоа:

- Предлогот на Царинскиот закон, рокот за доставување наместо април 2026 година да биде декември 2026 година и

- Предлогот на закон за изменување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*), рокот за доставување наместо јуни 2026 година да биде декември 2026 година.

Согласно овој заклучок, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година.

2. Го прифати изменетиот текст на Полугодишниот законодавен преглед на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2026 година – 30 јуни 2026 година, утврден согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година.

3. Изменетиот Полугодишен законодавен преглед на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2026 година – 30 јуни 2026 година, утврден согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

4. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Полугодишниот законодавен преглед на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2026 година – 30

јуни 2026 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истиот.

**Точка 2**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на привремено одземен предмет на Собранието на Република Северна Македонија за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред.

**Точка 3**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП бр.03-1238/1), поради потребата Општина Тетово да достави ново соодветно известување согласно член 65 став (5) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Влада.

**Точка 4**

Владата го разгледа Бизнис-планот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје за 2026 година, со Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Бизнис - планот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ – Скопје за 2026 година.

**Точка 5**

Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, за период од 23 декември 2025 година до 29 декември 2025 година и согласно член 31, став 3 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за спорт.

**Точка 7**

1. Владата од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците, го разреши Далибор Китановиќ.

2. Владата за директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците, го именува Далибор Китановиќ, со мандат од четири години и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата од должноста вршител на должноста директор на Државниот комунален инспекторат, орган во состав на Министерството за транспорт, го разреши Бењат Бакији.

4. Владата за директор на Државниот комунален инспекторат, орган во состав на Министерството за транспорт, го именува Бењат Бакији и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за стоковни резерви, го разреши Бесим Кока.

6. Владата за директор на Агенцијата за стоковни резерви, го именува Бесим Кока и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата од должноста вршител на должноста директор на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, го разреши Седад Рушани.

8. Владата за директор на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, го именува Шабан Нуредини и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата врз основа на член 105 став (3) од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20, 150/22, 224/24 и 160/25), заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија, за претседател и членови на Регулаторната комисија за домување да ги именува:

- За претседател:
- Никола Затуроски

- За членови:
- Љубиша Јовановски
- Зоранчо Димитров
- Насер Жарки.

10. Владата од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Липково“, на нивно барање, ги разреши:

- Фљорим Османи и
- Васуф Јусуфи.

10.1 Владата за членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Липково“, ги именува:

- Авдија Авдија,
- Агрон Јусуфи и
- Нагиб Мустафи.

11. Владата за член на Орган за надзор на ЈУ Детски дом ,,11 Октомври”, ја именува Биљана Коруноска.

12. Владата го разреши Александар Мијоски од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија – Скопје, на негово барање.

13. Владата го разреши Омер Ибраими од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, на негово барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

14. Владата ја разреши Нина Котевска од должноста член на Училишниот одбор - претставник на основачот на Државно музичко училиште – Битола, на нејзино барање.

15. Владата ја разреши Билјана Димитрова Радеска од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на Државниот студентски дом „Никола Карев“ – Охрид, на нејзино барање, поради судир на интереси.

15.1 Владата за член на Управниот одбор – претставник на основачот на Државниот студентски дом „Никола Карев“ – Охрид, ја именува Олгица Волканоска.

16. Владата од должноста членови на Управниот одбор – претставници на стручниот орган на Јавната установа Национален парк Пелистер – Битола, поради истек на мандатот, ги разреши:

- Владимир Василевски и
- Зоран Пројчевски.

16.1 Владата за членови на Управниот одбор – претставници на стручниот орган на Јавната установа Национален парк Пелистер- Битола, повторно ги именува:

- Владимир Василевски и
- Зоран Пројчевски.

17. Владата од должноста член на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, го разреши:

- Натмир Неџипи, на предлог на градоначалникот на Општина Струга.

17.1 Владата за член на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, го именува:

- Ресул Хани, на предлог на градоначалникот на Општина Струга.

18. Владата го одби како неосновано Барањето бр. 18-1366/1 од 30.1.2026 година, поднесено од Ерџан Зеќири, разрешен од должноста директор на Државниот комунален инспекторат, орган во состав на Министерството за транспорт, за остварување на право на плата по престанок на функцијата.

19. Владата на Никола Додов, на кој му престана функцијата вршител на должноста директор на Фондот за иновации и технолошки развој, согласно закон, му утврди право да остварува плата по престанување на функцијата, за време од девет месеци, сметано од 21.8.2025 година до 20.5.2026 година.

**Точка 8**

**1.** Владата ја разгледа Информацијата за ризикот од неспроведување на ИПА проектот „Приклучување на Виница со ПСОВ Кочани со делумна рехабилитација и проширување на канализационите и атмосферските системи во Општина Виница“, како материјал за информирање.

**2.** Владата по Известувањето доставено од Министерството за финансии, во врска со Информацијата за потребата од доставување на податоци по основ на Уредбата за управување со јавни инвестиции, усвоена на Сто и осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 октомври 2025 година, точка 43 и Сто дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 октомври 2025 година, точка 39 заклучи:

- Се задолжуваат Министерството за култура и туризам, Министерството за правда – Управа за извршување санкции и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (за Номагас АД Скопје), а им се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, во рок од три работни дена до Министерството за финансии да достават извештај за следење на проект за јавна инвестиција за четвртиот квартал од 2025 година, за секој тековен проект за јавна инвестиција со проценета вредност од 5.000.000 евра (во денарска противвредност) нагоре.

**3.** Владата по повод укажувањето на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем и информирањето од заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани, во однос на Изводокот од Нацрт – записникот од Сто четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 февруари 2026 година, точка 44 Прашања и предлози - Известување во врска со поставување на заштитна ограда за обезбедување на карпа во регионот до хотел и ресторан Кањон Матка, го задолжи директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, во рок од три дена, да воспостави комуникација со Град Скопје и Општина Сарај за издавање на одобрение/согласност за поставување на заштитна мрежа на просторот каде што има одрони (донација од сопственикот на угостителскиот објект хотел и ресторан Кањон Матка), со цел надлежните институции (Јавното претпријатие за државни патишта и Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта - Скопје ц.о.), да го спроведат истото.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Dispute Adjudication Board (DAB), помеѓу АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје и ENERGOINVEST d.d. Sarajevo BiH и потенцијална арбитражна постапка, ја усвои и го задолжи АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје во координација со Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори, во врска со склучениот договор, помеѓу АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје и ENERGOINVEST d.d. Sarajevo BiH и потенцијалните правни ризици и следни чекори, да побара правно мислење од меѓународната адвокатска куќа Fenwick Elliot LLP, врз основа на склучен договор за правни услуги со цел правна поддршка при имплементација на договори склучени, согласно FIDIC условите (ФИДИК договори) и меѓународната арбитража, вклучувајќи ICC комерцијална арбитража, согласно Изводокот од Седумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 мај 2025 година.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за потпишување правна исправа за ангажирање на меѓународна адвокатска куќа за изготвување на правно мислење за постоење на факти и околности за поведување на арбитражна постапка во врска со склучени договори за доделување на државна помош, со прилог Писмо за ангажирање и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија се согласува со содржината на предложеното писмо за ангажирање за обезбедување на правни услуги, доставено од страна на адвокатската куќа Three Crowns (Services) LLP и предлог наведените цени за давање на адвокатски услуги.

2. Се овластува претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори, во рок од три дена да го потпише Писмото за ангажирање, доставено од страна на адвокатската куќа Three Crowns (Services) LLP.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија со заем на меѓународниот пазар на капитал во износ до 300.000.000 евра, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии во рок од 10 дена да ја отпочне постапката за избор на странски комерцијални банки и да ангажира правни советници со цел спроведување на постапката за задолжување на Република Северна Македонија со склучување на договор за заем со странски комерцијални банки во износ до 18,45 милијарди денари (300 милиони евра).

**Точка 12**

Владата ја разгледа Предлог–одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“, Охрид и условно ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“, Охрид, со заклучок Министерството за финансии да достави позитивно мислење по текстот на истата, а образложението на Предлог–одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 13**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-одлуката за давање под закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба (од страна на Министерството за здравство на Град Скопје-ЈП Градски паркинг-Скопје, за организирање на паркирањето во Комплекс клиники „Мајка Тереза“-Скопје).

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со злоупотреба на лиценци за производство на канабис за медицински цели, со дополнување и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се задолжуваат Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за лекови и медицински средства, Државниот инспекторат за земјоделство и другите надлежни инспекциски органи, согласно своите законски надлежности утврдени со Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции да извршат контрола на сите правни лица кои имаат одобрение за одгледување и производство на канабис за медицински цели на целата територија на Република Северна Македонија и во рок од 45 дена своите извештаи да ги достават до Министерството за здравство, а Министерството за здравство врз основа на доставените извештаи да подготви и до Владата да достави збирен извештај.

2. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од една година да воспостави централизирана и дигитална евиденција за производство, берба, складирање, преработка и отпад, со што ќе се обезбеди следливост на производството.

3. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од 120 дена да воведе интерна процедура за квартална анализа на ризик по правно лице кое има одобрение (количини, отстапувања, промени во сопственост/персонал и извозни најави), при што анализите редовно ќе се споделуваат со Министерството за внатрешни работи на квартално ниво.

4. Се задолжуваат Министерството за здравство и Министерството за внатрешни работи, во рок од 30 дена да склучат протокол за соработка со кој Министерството за внатрешни работи ќе има консултативна улога и ќе се воспостави задолжително известување при сомнителни отстапувања и утврдени екстремни количини („црвени индикатори“).

5. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Министерството за спорт, Министерството за образование и наука и Царинската управа, во рок од 15 дена да достават номинации за членови во Меѓуресорската државна комисија за борба против недозволено производство, трговија и злоупотреба на droги до Министерството за здравство.

6. Се задолжува Министерството за здравство во соработка со надлежните институции во рок од шест месеци да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции.

**Точка 15**

Владата го разгледа Предлогот на закон за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Игор Филков, министер за правда и м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Дајанчо Ефтимов, државен секретар во Министерството за правда, Никола

Прокопенко, државен советник во Министерството за правда и Николина Микеска, раководител на сектор во Министерството за правда.

**<u>Точка 16</u>**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање под закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба (од страна на Министерството за здравство на Град Скопје-ЈП Градски паркинг-Скопје, за организирање на паркирањето во Комплекс клиники „Мајка Тереза“-Скопје-објекти на КП бр.429, КО Центар 2) и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, доколку Агенцијата за катастар на недвижности и Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи достават позитивни мислења по истата.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:10 часот.